ИЗЈАВА НА МИНИСТЕРКАТА РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА – ПОТПИШУВАЊЕ НА МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ СО ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО

26 јули 2021

На крајот на минатата недела отворивме едно ново поглавје во нашата одбранбена соработка со земја – членка на НАТО со која досега не сме имале никаква одбранбена, а и прилично скромна политичка соработка, Португалија и јас се надевам дека набрзо ќе го имаме и првиот Договор за одбранбена соработка помеѓу Северна Македонија и Португалија.

Ова денеска е нешто слично, но во исто време и различно.

Договорот за одбранбена соработка со Велика Британија го потпишавме на почетокот на 2020 година и покажуваме и денеска и целата измината година дека ова не било обично парче хартија, туку навистина постојано ја збогатуваме одбранбената соработка со сојузник, членка на НАТО и наш пријател со кој што имаме навистина долго и многу содржински богато портфолио на соработка. Тоа е Обединетото Кралство и навистина сакам да го изразам моето задоволство што еве и со овој Меморандум за разбирање покажуваме дека одиме уште еден чекор напред.

Мотото „заедно сме посилни“ кое што е мото на НАТО уште еднаш се покажува дека не е само фраза, туку дека реалност на членките на НАТО. Тоа покажува дека концептот заедно сме посилни го применуваме не само во делот на колективната одбрана каде што е логичен, повеќе земји се посилни од една земја, туку и во однос на развој на одбранбените сили и тоа е ова што денеска го работиме бидејќи во развојот на одбранбените сили ние можеме да се потпреме на искуството на нашите сојузници, а тие можат да се потпрат на дел од нашите капацитети кои сакаме да ги развиваме како НАТО капацитети.

Пред малку со амбасадорката на Обединетото Кралство, Рејчел Галовеј со која што навистина имаме одлична и многу богата соработка потпишавме Меморандум за разбирање со кој што овозможуваме да се формира тим или т.н. Ќелија за координација на обуката од Обединетото Кралство, тимот е од Обединетото Кралство, меѓутоа посветен и на обуките кои што се потребни на Северна Македонија, на регионот, и на нашата билатерална соработка на армискиот полигон „Криволак“.

Оваа Ќелија за координација на обуката ќе биде составена од три британски офицери чија цел ќе биде координација на можностите за обука и вежби на овој наш најголем капацитет за обука и тоа се надеваме дека ќе овозможи ефикасност во изведувањето на обуките и на вежбите од страна на Обединетото Кралство, од страна на нашите заеднички сојузници , особено земјите од регионот, но се разбира и на нашата обука на „Криволак“ на подолг рок – значи не само нешто што ќе се случува сега и во текот на 2021, туку да планираме подобро, за да имаме поголеми резултати.

Овој тим британски офицери ќе предлага обуки и вежби и за нашата НАТО деклариран единица која што е лоцирана во Штип, а ќе служи и како катализатор за развој на нови програми за обука со армиите во регионот. Значи целта е – ќе помогнеме на нашите одбрани способности, ќе ја зголемиме соработката во регионот во тема која е многу важна, а тоа е одбраната, но ќе ги зајакнеме и нашите билатерални одбрани врски.

Амбасадорке Галовеј навистина долга е листата на соработка на билатерално ниво, дури и ако ја анализираме само одбраната – тоа се и реформи во министерството за одбрана, реформите

во Армијата, зголемување на капацитетите и навистина силна соработка во делот на обука и тренинг и тоа е резултат првенствено на заедничката визија во Северна Македонија и во Обединетото Кралство, дека меѓусебната поддршка и соработката е основа за безбеден континент и за безбедна Алијанса.

Работејќи на безбедна Алијанса, работиме и за безбедност на нашите држави. Тоа е резултат и на вашето несебично и неуморно залагање – сакам да ја изразам и мојата лична благодарност, и благодарноста на Министерството за одбрана и на Владата за оваа одлична соработка. Бидете уверена дека ќе продолжиме да работиме на оваа меѓусебна соработка и понатаму и за нас овие меѓусебни односи во делот на одбраната помеѓу Северна Македонија и Обединетото Кралство ги гледаме како соработка каде што навистина не гледаме граници – гледаме буквално шанси за зајакнување на таа соработка и за споделување на истите вредности и на истите цели.

Благодарам.